Проучувањето на стечајот и стечајната постапка, нужно ја наметува и потребата од споредбено правна анализа на законските прописи кои ја уредуваат оваа материја.[8] Како дополнување во прилог на ова, стои и фактот што во последната деценија од 21 век, Европа никогаш повеќе не се посветила на реформите во стечајот и стечајната постапка, и тоа не само во поглед на прекуграничните стечајни постапки, туку и на хармонизацијата и усогласувањето на националните легислативи во поглед на одделни материјални прашања на полето на стечајот.[9] Ова констатација е целосно применлива и кога станува збор за проучувањето на статусот и концептот на „одговорност на стечајниот управник, in concreto, на граѓанско правната одговорност на стечајниот управник“ во стечајните постапки.

Предизвикот да се истражува на оваа материја, со фокус на Република Македонија, произлегува од различните концепти и правни стандарди на одговорност на стечајните управници, предвидени во компаративните правни системи. Во правната литература и во судската практика се среќаваат различни

---

дена од денот на приемот на барањето да даде одговор на писмено барање на стечаен доверител со кое истиот бара информација во врска со стечајната постапка. Доколку бараната информација е достапна во регистарот на е-стечај или е депонирана во стечајното досие согласно со членот 85 ЗС, стечајниот управник во истиот рок за тоа писмено ќе го извести доверителот. ЗИДЗСП 192/2015: забрана за полагање на испит за стечаен управник во траење од три години, за што Министерството за економија донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на прием на решението.“

[6] ЗС, член 31/2., изборот на стечајниот управник се врши според методата на електронско избирање од листата на стечајни управници. Стечајниот судија е должен оваа метода да ја примени и во случај кога именува нов стечаен управник во случај на разрешување на претходниот стечаен управник.

[7] Костовски Д., http://www.akademik.mk/novite-zakonski-izmeni-ke-pridonesat-za-brza-i-efikasna-stechajna-postapka-dejan-kostovski-ekspert-za-stechaj/. Accessed 18 Мај 2017.

[8] Во интерес на проучувањето на ова прашање, особено се консултиравме со правните режими и практики на земјите кои согласно извештајот на светска банка покажуваат „најдобри практики“ на стечајни постапки (САД, Норвешка). Сепак, како компараитвни правни системи се послуживме и со стечајното право на Германија, Австрија, Франција Италија, Хрватска, Србија, Англија итн. Види повеќе: http://www.doingbusiness.org/. [accessed on 15 May 2017].

[9] McCormack, G.; Keay, A.; Brown, S.; *European Insolvency Law*, Edward Elgar Publishing Limited, UK, 2017, pp. 12-24.

теории и судски образложенија во поглед на прашањето за утврдувањето на граѓанско правната „одговорноста на стечајните управници.“ Во ова смисла и предизвикот да се проучи не/применливоста на теориите на quasi-judicial immunity, barton doctrine,[10] примената на концептот на субјектива одговорност на стечајниот управник, различните облици на вина за кои одговараат стечајните управници во одделните правни системи, правниот режим на исклучување на одговорноста за дејствијата на стечајниот управник што се одобрени од стечајниот судија итн. [11]

Како дел од реформата на стечајното право во Европски и светски рамки, познати се бројните активности преземени од страна на Европската комисија (ЕК), Меѓународната комисија за трговско право (УНЦИТРАЛ), Светска банка итн. Како плод на нивната работа, во правната литература и за потребите на практиката, се користат водичот за стечајно право на УНЦИТРАЛ комисијата за меѓународно трговско право (UNCITRAL - Legislative Guide on Insolvency Law), водичот за влегување во сила на модел законот за прекуграничен стечај (Guide to Enactment of the UNCITRAL Model Law on Cross-Border Insolvency - the “UNCITRAL Model Law”) (annex III)., Регулативата 2015/848 на ЕУ (Regulation (EU) 2015/848 of the European Parliament and of the Council of 20 May 2015 on insolvency proceedings, предлог директива на ЕУ за превентивна правна рамка за реконструкција и втора шанса (proposed EU Directive on Preventive Restructuring Frameworks and Second Chance / 2016) итн. Наведените правни извори придонесуваат за подобрување на состојбата при спроведувањето на стечајните постапки. Како суштински сегмент на тоа, се чини дека е законитото и ефикасно спроведување на постапките, каде стечајните управници имаат клучна улога и одговорност.

## 1. Улогата на стечајниот управник како орган на стечајната постапка

Стечајниот управник претставува еден од органите на стечајната постапка (ЗС, член 18). Во смисла на член 2, точка 67 од ЗС, „стечаен управник" е лице кое е овластено во стечајната постапка да ја води реорганизацијата или ликвидацијата на должникот. Во компаративната литература, стечајниот управник се среќава под повеќе различни називи и тоа: “administrators”, “trustees”, “liquidators”, “supervisors”, “receivers”, “curators”, “official” or “judicial managers” or “commissioners”. Улогата и значењето на стечајните управници

---

[10]Види:https://www.duanemorris.com/articles/the_barton_doctrine_is_alive_and_well_0216.html. Accessed 15 June 2017.

[11] Види: McCorvey J., Personal Liability for Bankruptcy Trustees: *Determining the Limits of the Doctrine of Quasi-Judicial Immunity*, St. John’s Bankruptcy research liability, 2014 Volume VI No. 21, p. 23.

произлегува пред сè од обемот на овластувањата, должностите во постапката, и правата и обвските што ги има како стечајниот управник согласно закон, како администратор на постапката.[1]

Комплексноста на позицијата на стечајниот управник е детерминирана од фактот што тој покрај тоа што мора да води сметка за имотот што влегува во стечајната маса, да го превенира секое потенцијално намалување на имотот и загубите од менаџирањето со тековните бизниси, треба да ги штити и интересите на доверителите, и тоа, не само од аспект на превенција во намалувањето на имотот на должникот, туку и во смисла на спречување на негово незголемување.[12]

Позиција на стечајниот управник прифатена во ЗС и судската практика, изречно е утврдена и во еден од принципите на Европската Банка за реконструкција и развој, насловен како „непристрасност на стечајниот управник спрема третите лица.“[13] Имено, во точка 9 од принципите е предвидено дека „стечајниот управник не треба да биде во служба на должникот, ниту на поединечните или колективните доверители. Со оглед на различните приоритети и интереси на овие субјекти, стечајниот управник има обврска да ги балансира конкуретните интереси во процесот исклучиво на на фер основа.“ По основ на ова, компетенциите и стручноста на стечајниот управник мора да се согласно потребите на спроведување на фер, ефикасна и ефективна ликвидација или реорганизација на субјектот на кој што се спроведува стечајна постапка.[14]

Според СЗ на Република Македонија, за стечаен управник судот именува физичко лице кое: се стекнало со лиценца за вршење на работите на стечаен управник; е запишано во трговскиот регистар како трговец поединец, јавно трговско друштво; односно друштво со ограничена одговорност кои имаат лиценца за стечаен управник и се регистрирани за вршење на дејноста исклучиво поврзана со спроведување на стечајната постапка, како и изработка и контрола над спроведувањето на планот за реорганизација предвидени со

[12] Legislative guide on insolvency law uncitral, The United Nations Commission on International Trade Law (UNCITRAL), New York, 2005, p. 183.

[13] http://www.worldbank.org/en/topic/financialsector/brief/the-world-bank-principles-for-effective-insolvency-and-creditor-rights. Accessed on 12 June 2017.

[14] Во одделни правни системи, стечајниот управник има овластување да поднесе тужба до директорите, поради ненавремено покренување на предлог за отворање на стечајна постапка. Во насока на ова, случајот Kornhaas v Dithmar. Види: http://bobwessels.nl/2015/12/2015-12-doc11-cjeu-10-december-2015-c-59414-kornhaas-v-dithmar/. Accessed on 27 May 2017. Види повеќе: http://leidenlawblog.nl/articles/the-logic-of-harmonisation-of-insolvency-law-in-the-eu. Accessed on 5 June 2017.

ЗС.[15] Според решенијата од ЗС, стечаен управник може да биде друштво со ограничена одговорност и јавно трговско друштво. Во случаите кога со решението за отворање на стечајната постапка за стечаен управник е именувано ЈТД или ДОО, во решението се наведува името и презимето на физичкото лице (вработен во друштвото) што има лиценца за вршење на работите на стечаен управник, и називот на друштвото кое е запишано во трговскиот регистар за вршење на дејностите исклучиво поврзани со спроведување на стечајната постапка.[16]

Обемот и видот на овластувањата на стечајниот управник ја наметнуваат законската обврската за задолжително осигурување од професионална одговорност, од сите ризици кои произлегуваат од вршењето на работите на стечаен управник. Покрај ова, стечајните управници исто така имаат обврска за обновување на лиценцата. Во насока на обезбедувањето на ефикасна и законита стечајна постапка, а како дел од реформата на стечајното право во Република Македонија, е и имплементацијата на концептот на електронското именување на стечајните управници. На улогата и значењето на овластувања и должности на стечајниот управник, укажува и фактот дека повредата на неговите обврски, т.е., злоупотребата на постапката за стечај од страна на стечајниот управник, претставува кривично дело во смисла на член 256/2 од КЗ.[17] Водејќи се од ова, лесно може да се констатира дека повредата на обврските на стечајниот управник, и злоупотребата на неговата позиција во постапката за спроведување на стечај или ликвифација, може да повлече граѓанско-правна, кривична или дисциплинска одговорност пред надлежните органи.[18] Во одредени ситуации, стечајниот управник може да биде се товари

[15] Од самата законска формулација на член 20/1 од ЗС, јасно произлегува дека стечаен управник може да биде само физичко или правно лице со статус на трговец, што исклучиво и единствено се занимава со работи кои што произлегуваат од стечајната постапка. Попрецизно, стечајниот управник, независно од тоа дали е трговец поединец, ДОО или ЈТД, единствено може да врши работи што се однесуваат на администрирањето на стечајната постапка. Види повеќе: Костовски Д., *Закон за стечај, коментар, објаснување, судска практика и предметен регистар,* Скопје, 2014, стр. 109.

[16] ЗС, член 20/2/3.

[17] ЗС, член 256/2., доверител, член на одбор на доверители или стечаен управник, кој за себе или за друг ќе прими имотна корист или ветување на имотна корист, за да се донесе или да не се донесе одлука во определена смисла или на друг начин да оштети барем еден доверител во постапката за стечај ќе се казни со парична казна или затвор до три години.

[18] Види повеќе: Костовски Д., *Овластувања и должности на стечајниот управник - нормативни аспекти и судска практика*, Зајакнување на административните капацитети за имплементација на правната рамка за стечај и ликвидација на компаниите. Види: http://www.economy.gov.mk/page/strengthening-administrative-capacities, Accessed 12 June 2017.

со сите три вида на одговорност.Во трудот ќе се задржиме само на граѓанско правната одговорност на стечајниот управник.

### 1.1. Овластувањата на стечајниот управник според македонското право

Со отворањето на стечајната постапка врз должникот, ex lege престануваат правата на членовите на органите на управување, управителот, односно директорот или друг орган на управување, застапниците и полномошниците, како и на членови на органите за надзор (ЗС, член 137). Со денот на отворање на стечајната постапка престануваат и договорите со кои се уредуваат односите меѓу друштвото со извршните членови на одборот на директори, членовите на управниот одбор, односно управителите.

Парниците што во времето на отворањето на стечајната постапка биле во тек за имотот што влегува во стечајната маса, ги преземе стечајниот управник, во име и за сметка на должникот. Со отворањето на стечајната постапка, се исклучува деликтната способност на должникот, а за настанатата штета што би настанала после отворањето на стечајната постапка, одговара стечајниот управник.[19] Стечајниот управник го застапува и претставува должникот, исклучиво за работите кои се однесуваат на стечајната постапка и стечајната маса (ЗС, член 33/1). Ако должникот – правно лице, продолжува да работи во текот на стечајната постапка, работењето го води стечајниот управник како администратор на постапката (33/2). Стечајниот управник ги води само оние работи на должникот - поединец што се однесуваат на стечајната маса, и го застапува како стечаен должник со овластувања на законски застапник (ЗС, член 33/3).[20]

Стечајниот управник е службено лица во смисла на ЗС. Според законската формулација од 33/4, при вршењето на своите должности стечајниот управник има статус на службено лице и право на заштита која според закон ја имаат службените лица. Ова законско решение се однесува на статусот на стечајниот управник како службено лице за време на спроведувањето на стечајната постапка, и остварувањето на полесна соработка со другите органи во функција на ефикасното спроведување на постапката. Меѓутоа, статусот на службено лице се однесува и на извршувањето на неговите должностите во според ЗС, и утврдувањето на неговата одговорност во случај на повреда на истите. Во ова смисла, во случај на повреда или злоупореба на должностите, „стечаен управник,“ ќе одговара во смисла на член 353 од КЗ, како вршител на

[19] Костовски Д., *оп. цит.*, стр. 167.

[20] Во конкретниот случај, законодавецот би требало да се користи со терминот „застапник по закон“, што во основа претставува управителот, односно членовите на управниот одбор.

кривично дело „злоупотреба на службената должност и овластување". Стечајниот управник има службена легитимација чија форма и содржина со акт ја пропишува министерот за економија (ЗС, член 33/4). Стечајниот управник се легитимира со службена легитимација што му ја издава Комората според нејзиниот статут (ЗС, член 33/5).

### 1.2. Должностите на стечајниот управник како орган на стечаната постапка

Корпусот должности предвидени во член 34 од ЗС, ги содржи обврските што стечајниот управник треба да ги изврши при спроведувањето на стечајната постапка, или постапката за реорганизација на должникот. Со именувањето на стечајниот управник, тој првенствено има должност да ја ажурира сметководствената евиденција на должникот до денот на отворањето на стечајната постапка и да започне попис (инвентар) на имотот во рок од десет дена од денот на именувањето и да го заврши пописот во рок од 30 дена од денот на неговото именување.[21] На овој начин, стечајниот управник треба да добие увид за материјалната состојба на должникот, и да ги преземе сите потребни мерки за колективно намирување на доверителите, водејќи сметка за максимална заштита на нивните интереси. Во интерес на остварување на целта на стечајната постапка, стечајниот управник е должен да состави почетен стечаен биланс, како и даночен биланс со состојба на денот на отворањето и на денот на заклучувањето на стечајната постапка кој се однесува на стечајната маса и трошоците на стечајната постапка (ЗС, член 34/1/4).

Во извршувањето на сите предвидени должности, стечајниот управник треба да постапува уреден и совесен трговец, и по овој правен стандард да се грижи за завршување на започнатите, а не извршени работи на должникот. Со ова законско решение, законодавецот предвидел дека стечајниот управник треба да постапува како професионалец (стручњак). Со внимание на уреден и совесен трговец, стечајниот управник е должен да ги извршува и работите што се потребни за зачувување и заштита на имотот на должникот, за да се спречи настапувањето на штета над средствата на должникот.

Стечајниот управник може да вработува лица со одобрение од стечајниот судија и да врши контрола на нивната работа. За текот на стечајната постапка и за состојбата на стечајната маса, стечајниот управник е должен да поднесе месечен извештај во кои се содржани податоци за имотот што е продаден, пренесен или на друг начин отуѓен, список на готовински прилив и одлив извршен во текот на претходниот месец, почетна и крајна финансиска состојба на стечајниот должник, список на ангажираните лица, назначувајќи ги стручните лица и износите што им се исплатени, и други со закон утврдени податоци што е должен да ги достави.

[21] ЗС, член 34/1(1).

Во делот од ЗС што ги уредува должностите на стечајниот управник, предвидени се и други законски должности. Повредата на која било од овие должности, го отвора прашањето за концептот на граѓанско правната „одговорноста на стечајните управници."

### 3. Концептот на одговорност на стечајниот управник според македонското право

Проучувањето на концептот на „одговорност на стечајните управници," ја наметнува потребата од анализа на повеќе прашања кои се однесуваат на работата на стечајниот управник. Анализата врз постојните теоретски и практични резултати од компаративните истражувања на ова поле, нѐ наведоа на констатацијата дека ова прашање е исклучително комплексно, особено поради различните концепти на одговорност што се предвидуваат во одделните правни системи.

Различноста на правните режими што го уредуваат концептот на граѓанско правната одговорност на стечајните управници, се базира на различниот степен на вина што повлекува граѓанска правна одговорност за стечајните управници. Во компаративно правна литература се прави разлика помеѓу одговорноста на управникот како администратор на имотот на стечајниот должник, од неговата „лична одговорност" во случаите кога постапил спротивно на законските прописи кои го предвидуваат неговиот обем на одговорност и облик на вина.[22]

Во Република Македонија прифатен е концептот на субјективна одговорност, и тоа со највисок степен на одговорност, односно, најригорозниот облик на вина, како основ за утврдување на одговорност на стечајниот управник при извршувањето на должносите во смисла на член 34 од ЗС. Во основа, концептот на „одговорност на стечајниот управник", подпаѓа под унифицираниот концепт на одговорност, применлив на членовите на управните и надзорните органи, во смисла на Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016 и 61/2016).

Во Република Македонија, стечајните управници како и членовите на органите на управување, одговараат за штетата предизвикана со „обично невнимание" при извршувањето на должностите. Попрецизно, стечајните

[22] Reads S., Bankruptcy trustee may be personally liable if claims encumbered by an undisclosed right of pledge are collected against the will of the pledge holder, 2016. URL= https://www.stibbe.com/en/news/2016/march/bankruptcy-trustee-may-be-personally-liable-if-claims-encumbered-by-an-undisclosed-right-of-pledge. Accessed 6 June, 2017.

управници мора да постапуваат како уреден и совесен трговец. Овој правен стандард е дефиниран во ЗТД, и во ЗС, и согласно законската формулација на член 2 (3), „внимание на уреден и совесен трговец" е правен стандард за утврдување на одговорноста на стечајниот управник при вршењето на неговите работи и овластувањата, со кои се определува вниманието на стечајниот управник кое треба да го има при вршењето на доверените работи, односно со внимание на способен и вешт човек (професионалец), при што тој одговара и за обично невнимание при вршењето на доверените работи (ЗС, член 2 точка 3).

За причинетата штета на стечајниот должник, на стечајните доверители, или на друга заинтересирана страна,[23] стечајниот управник, без разлика дали има статус на трговец - поединец, или трговско друштво, одговора, т.е., е должен е да ја надомести. За предизвиканата штета на секој од учесниците во стечајната постапка, стечајниот управник одговара со сиот свој имот, доколку не постапувал како уреден и совесен трговец, не постапува според Кодексот на етиката на стечајните управници и професионалните стандарди или не ја врши работата согласно ЗС (ЗС, член 27/1). Стечајниот управник, нема да одговара за штетата причинета со дејство, односно упатство, одобрено (дадено) од стечајниот судија. Сепак, според ЗС, тој ќе одговара за причинетата штета, доколку одобрението или упатството дадено (одобрено) од судијата, го издејствувал со измама (ЗС, член 27/2). Исклучувањето на одговорноста на стечајниот управник, во случаите кога неговото дејствије е одобрено од страна на судот, не значи дека тој е ослободен од одговорност во секој случај. Во практиката, при примената на ова законско решение, особено треба да се води сметка за тоа дали постоела намера на страната на стечајниот управник, т.е., дали тој го измамил судијата со цел да добие одобрение за преземените дејствија во постапката.

Стечајниот управник е должен да ја надомести и штетата причинета на доверителите на стечајната маса, т.е., штетата на доверителите кои стекнале побарување после отворањето на стечајната постапка,[24] по основ на неисполнување на обврската од стечајната маса преземена со негово законито правно дејство. Стечајниот управник може да се ослободи од ова обврска, ако докаже дека не знаел и не можел да знае за можната и веројатната за

[23] Заинтересирано лице е секое лице чии права, обврски или интереси се засегнати од стечајната постапка или од посебни прашања во стечајната постапка, вклучувајќи го и должникот, стечајниот управник, доверителот, сопственикот на капитал во друштвото, одборот на доверители, надлежен државен орган или друго лице. Лицата со далечен, спореден или индиректен интерес засегнати од стечајната постапка не се сметаат за заинтересирана страна (ЗС, член 2(14)).

[24] ЗС, член 2 (10), „доверител на стечајна маса" е физичко или правно лице кое по која било основа има побарување спрема стечајниот должник, а кое настанало по отворање на стечајна постапка.

недоволност на стечајната маса за исполнување на преземената обврска (ЗС, член 27/3).

Компартивно, според член 31/1 од Законот за стечај на Република Србија, во случај кога при вршењето на својата работа стечајниот управник предизвикал штета на учесниците во постапката, намерно или со крајно невнимание, стечајниот управник одговара за штетата со личниот имот.[25] Од ова законско решение произлегува дека и стечајните управници во Република Србија одговараат по концептот на субјективна одговорност, меѓутоа, не одговараат за штетата предизвикана со „обично невнимание." Следствено, предвидуваат поблаг правен режим на одговорност на стечајниот управник. Според член 92/1 од Хрватскиот Закон за стечај, стечајниот управник е должен да ја надомести штетата на сите учесници ако по своја вина повредил некоја од своите обврски.[26] Од ваквата законска формулација произлегува дека во Хрватска е прифатен концептот на субјективна одговорност на стечајниот управник, без да се навлегува степенот на вина што повлекува одговорност на стечајниот управник. Според член 92/2, стечајниот управник исто така нема да одговара за настанатата штета, доколку истата е последица на дејствија преземени со одобрение на судот, т.е., по налог или упатување од судот. Исклучок постои во случаите кога одобрението е обезбедено со измама.

Според, section 60 од Германскиот закон за стечај (Insolvenzordnung, во понатамошниот текст скратеницата ЗСРГ),[27] стечајниот управник е одговорен за штетата предизвикана на сите учесници во постапката, доколку противправно ги повреди обврските со кои се товари согласно ЗСРГ. Тој е должен да обезбеди преземање на дествија што се подобни и со соодветно внимание на стечаен управник. Од законската формулација, јасно произлегува дека стечајниот управник одговара по концептот на субјективна вина, следствено, тој може да се ослободи од одговорност, доколку докаже дека штетата не произлегува од неговата вина.

Според Австрискиот закон за стечај (во понатамошниот текст АЗС)[28], стечајниот управник одговара по концептот на субјективна одговорност. Според решението предвидено во член 157b од АЗС, стечајниот управник е должен да ги извршува своите обврски со потребното внимание што го бараат неговите менаџерски обврски. Во ова законско решение, АЗС се повикува и на

[25] Zakon o stečaju, Sl.glasnik RS, br. 104/2009, 99/2011, - dr.zakon, 71/2012- odluka US, 83/2014).
[26] Stečajni zakon, NN 71/15 - na snazi od 01.09.2015.
[27] Види: German Insolvency Statute (*Insolvenzordnung*), http://webcache.googleusercontent.com/search?q=cache:4BaeVLaB-QcJ:www.gesetze-im-internet.de/englisch_inso/+&cd=1&hl=en&ct=clnk, Accessed on 12 May 2017.
[28] Rautner Attorneys at Law, Austrian Insolvency Code, Fluent in Banking&Finance.

примената на член 1299 од Австрискиот граѓански законик (АГЗ),[29] каде е утврден концептот на професионална одговорност, т.е., одговорност за знаење и внимание што е потребно за извршување на обврските од соодвените сфери на работење. Според формулацијата од АГЗ, „лицето што јавно води канцеларија, се занимава со уметност, трговија, занаетчиство, или кој што доброволно презема одговорност за бизнис што наметнува/бара специјалистичко знаење, или вонредно внимание, и со тоа гарантира однесување согласно овие стандарди, ќе одговара доколку почитувањето на овие стандарди недостига во изверувањето на обврските.“ Според АГЗ, секој експерт ќе одговара за причинетата штета доколку отстапи од исполнување на бараните стандарди на внимание и знаење, што се бараат за еден просечен и одговорен член на соодветното професионално друштво.

Од анализата спроведена врз компаративните решенија што го уредуваат прашањето за „одговорноста на стечајниот управник“, неспорно произлегува дека стечајните управници одговараат по концептот на „субјективна одговорност“. Исто така, неспорно е дека во Република Македонија прифатен е највисокиот степен на одговорност на стечајните управници. Сепак, утврдувањето на граѓанската одговорност на стечајниот управник, се чини не така едноставно. Ова од причина што најголем дел од дејствијата што се преземаат од страна на стечајниот управник, се со одобрение на членовите на одборот на доверители, т.е., со одобрение на стечајниот судија, што ја исклучува одговорноста на стечајниот управник во смисла на ЗС.

Во Република Македонија, во пресудата број П-1-53/10, Основниот Суд во Штип утврдил дека се сторени низа незаконитости и пропусти направени во стечајната постапка СТ. бр. 16/2000, и тоа од страна на стечајниот управник и стечајниот совет. Како тужена странка во постапката, во смисла на член 70 од Законот за судови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006, 62/2006, 35/2008 и 150/2010), се јавува Република Македонија. Во образолежнието на Судот било истакнато дека стечајниот управник постапувал по налозите на стечајниот совет. Попрецизно, дека стечајниот совет го донел решението за заклучување на стечајната постапка на ден 04.09.2003 година, а со решение од 16.10.2003 година и наложил на стечајната управничка да изврши впаручување на новопронајдениот имот што се однесува на невижен имот што го купила тужителката. Во решението со кое што ја заклучил постапката, стечајниот совет не предвидел задолжение на стечајниот управник за продолжување на сите постапки кои се однесуваат на стечајниот должник. Со овој пропуст на стечајниот совет, преклудирани се правата за заштита на интересите на тужутелката, која ја уплатила купопродажната цена и данокот на промет за недвижноста. Оттука, според Основиот Суд е и одговорноста за

[29] Campbell D., Campbell C., Professional liability of laywers, Centar for International legal studies, Austria, 1995, p. 4.